витаминка



**Личната професионална вредност доаѓа од колективниот успех**

Обраќање на Лидија Каранфилоска, Технички директор

**Спонзорства**

OneRepublic
Дино Мерлин
Владо Јаневски
МегаБит Кидс

Бр. 6 Јуни 2015 www.vitaminka.com.mk

# ИНФОРМАТОР

Витаминка оствари соработка со фудбалскиот и ракометниот клуб Вардар

## Витаминка нов спонзор на фудбалскиот и ракометниот клуб Вардар

Корпоративни вредности

## Стоби Флипс најсилен домашен бренд

Надвор од границите

## Фрути најпопуларни меѓу Хрватите



ВИТАМИНКА АД Прилеп
Леце Котески 23, 7500 Прилеп
048 407 407, 048 407 434
contact@vitaminka.com.mk
www.vitaminka.com.mk

# СОДРЖИНА










стр.3

**Личната професионална вредност доаѓа од колективниот успех**

Обраќање на Техничкиот директор Лидија Каранфилоска

стр.4

**Брендот Деспина со промоција на двата нови вкуса**

Ново кај нас

стр.5

**QuDal признание за Витаминка**

Корпоративни вредности

**Признание Супербренд за Стоби Флипс**

Корпоративни вредности

стр.8

**Во вкусот на Фрути ужива и Хрватска**

Витаминка омилена на Балканот

стр.11

**Идните нутриционисти учеа во погоните од нашата компанија**

Општествена одговорност

**Ќесичките Стоби Флипс станаа чадор**

Општествена одговорност

стр.12

**Витаминка заедно со Стоби Флипс се најголеми поддржувачи на младите фудбалери**

стр.16

**Витаминка застана зад три големи музички манифестации**

Витаминка беше на...

Обраќање на Лидија Каранфилоска, Технички директор

# Личната професионална вредност доаѓа од колективниот успех



Г-ѓа Лидија Каранфилоска
Технички директор

Почитувани,

Кога мислиме за нашата професионалната вредност, веднаш тоа го поврзуваме со степенот на нашето образование, со сертификати, обуки и вештини што сме ги стекнале и најмногу со нашата секојдневна посветеност на работата.
Но она што поретко ни доаѓа на мисла е тоа дека, личната професионална кариера добила можност да се реализира во извесен колектив, компанија, фирма. Во такво мотивирачко окружување, сите ние сме го изградиле нашиот професионален идентитет. Во Витаминка нè има многу, секој ден се сретнуваме и поздравуваме. Секој ден се потпираме еден на друг во работата, добиваме обврски и задолженија, ги пренесуваме понатаму. Секој ден, сите ние функционираме како едно, за на крајот од денот да испорачаме производ со врвен квалитет, производ што ќе го сакаат, купуваат и производ што ќе говори за тоа колку добра работа сме завршиле, сите ние, заедно.
Витаминка постигна навистина многу во изминатиот период. Сè поприсутни сме на странските пазари. Се издвојуваме со автентичност и препознатливост, со единствени производи. Тоа е заслуга на сите нас заедно. Не е нова и непозната нашата поддршка на спортските активности, сегмент во кој што предничиме многу пред другите компании. Поддржуваме спортски активности, мотивираност и натпреварувачки дух, секогаш во различни спортови, а со тоа ја популаризираме спортската култура. Сега тоа го правиме уште помасовно, Витаминка стана спонзор на Вардар, ги поддржуваме фудбалскиот и ракометниот клуб, како и активностите поврзани со ракометната академија и младинските школи на фудбалскиот клуб. Зошто? Затоа што најдобрите одат заедно, затоа Витаминка сега ќе достигне поголеми височини. Заедно ќе се движиме по патот на успехот и заедно ќе прославуваме уште многу победи.

И уште, изминатиот период бевме издвоени како најдобри во различни категории и издвоени истражувања. Наградени сме со признание за најдобар квалитет, нашите производи се омилени кај странските купувачи според квалитетот, вкусот и цената. И сега, кога имаме секаква потврда дека сме успешни и најдобри, кога знаеме кој е патот до успехот, треба да станеме свесни и за сопствената, индивидуална но и колективна вредност.
Тоа е нашиот успех, на секој од нас поединечно, отсликан преку престижот и растењето на компанијата. Тоа кажува дека големината на Витаминка ја создадовме сите ние, со нашата обученост, експертиза, работливост. Сме постигнале многу, тоа го кажуваат годините наназад и резултатите кои од ден во ден се подобруваат. Нашиот ентузијазам, желба и посветеност се неспорни. Да останеме на истиот пат.

Со почит,

Лидија Каранфилоска
Технички директор

Витаминка оствари соработка со фудбалскиот и ракометниот клуб Вардар

# Витаминка нов спонзор на фудбалскиот и ракометниот клуб Вардар

„Најдобрите во друштво на најдобрите" е мотото под кое ние станавме нов спонзор на клубот Вардар. Витаминка ќе ги поддржи фудбалскиот и ракометниот клуб, како и активностите поврзани со ракометната академија и младинските школи на фудбалскиот клуб. Нашата поддршка за Вардар е од исклучително значење, каде покрај поддршката на сениорската постава, се очекува да има ефекти во брзото напредување на младите таленти од младинските категории.



"И досега бевме активни во спонзорирањето на спортски клубови од различни спортови, а овој пат се одлучивме за Вардар бидејќи спојката е природна – најдобрите секогаш одат заедно. Кога гледате како некој клуб оди напред, се вложува во него, знаете дека вложувате во вистинска вредност", изјави комерцијалниот директор на компанијата, Владимир Трпаноски.

Од името на машкиот и женскиот клуб Вардар задоволството од доаѓањето на новиот спонзор искажа извршниот директор на РК Вардар, Давор Стојаноски.




„Среќни сме што можеме да и посакаме добредојде и на Витаминка. РК Вардар како спортски бренд, веќе е познат во целата држава. Сигурни сме дека и нашиот нов партнер, чие лого ќе биде на дресовите на двата ракометни клуба го препозна квалитетот и спортскиот имиџ на Вардар," смета директорот на ракометниот клуб Вардар, Давор Стојаноски. Директорот на ФК Вардар, Самоил Симев, изјави дека спонзорството од „Витаминка" ќе биде наменето за развој на младинската школа на клубот. „Соработката со Витаминка во ФК се однесува исклучиво за младинските категории, во детските школи, во академијата и регионалните единици низ цела Република Македонија. Дечињата се горди што на својот дрес ќе го носат најпознатиот производ на брендот Витаминка, Стоби Флипс", истакна извршниот директор на ФК Вардар, Самоил Симев.

Ние како компанија секогаш сме биле на страната од вистинските вредности во Македонија и сме го помагале спортот. За клубот Вардар ова спонзорство значи чекор напред во овозможувањето на реализација на проектите во клубот што ја опфаќаат и најмладата популација, а за нас само уште една потврда дека сме во друштво на најдобрите.

Дегустација на кексите Деспина во поголемите маркети низ Македонија

# Брендот Деспина со промоција на двата нови вкуса




Затоа што вистинскиот и убавиот вкус треба да се проширува, затоа брендот Деспина беше надополнет со нови вкусови. Двата нови вкуса на нашите интегрални кекси Деспина, се промовираа во периодот од 12ти до 27ми ноември во поголемите маркети низ Македонија.

Новите вкусови на Деспина, интегралните кекси со овесни снегулки со суво грозје и интегрален кекс со овесни снегулки и лешник, сите посетители имаа можност да ги дегустираат, а задоволните купувачи освен што уживаа во одличниот вкус на оваа здрава ужинка, добија и подароци.

Токму оваа комбинација на интегрално брашно, овесни снегулки и диетални влакна ги прави Деспина кексите омилен оброк на сите оние кои сакаат да консумираат здрава, а во исто време енергетски вкусна ужинка.

# QuDal признание за Витаминка

Уште една потврда за квалитетот на Витаминка и нејзините производи, овој пат од ICERTIAS (International Certification Association Gmbh - Меѓународно здружение за сертификација). Врз основа на спроведеното истражување, еминентното здружение со седиште во Цирих, Швајцарија, и додели на Витаминка два медали за квалитет (Quality Medal) во категориите: компанија со најдобар квалитет на производи и услуги на македонскиот пазар, како и медал за категоријата кечап - нашиот кечап доби признание за апсолутно најдобар квалитет на македонскиот пазар.
Овие медали се само дополнителна потврда за признанието кое го добиваме од нашите многубројни домашни и странски потрошувачи со години наназад. Ова е и признание за нашето континуирано подобрување и надградба во полето на опремата, технологијата и висококвалитетните состојки, како и за посветеноста на целата компанија кон креирање и усовршување на култните производи, конзумирани од сите генерации со децении наназад.

# Признание Супербренд за Стоби Флипс

Меѓународното признание Супербрендс се доделува како признание за квалитетот на услугите и препознатливоста на пазарот на брендовите на домашно, како и на глобално ниво. Во Македонија изборот на супербрендови се одржа трета година по ред, а Витаминка го доби престижното признание за својот бренд Стоби Флипс. Ова не е прво признание за еден од најпопуларните македонски брендови - Стоби Флипс беше прогласен за супербренд и претходните години во Македонија, како и во Косово.
Селекцијата на компаниите и брендовите, распоредени во 27 категории беше спроведена од стручно жири, а во рангирањето учествуваа и 8000 потрошувачи, кои ги оценуваа квалитетот, сигурноста, препознатливоста и емотивната приврзаност на брендовите.



# Награда 3-ти Ноември за Г-дин Симон Наумоски, Претседател на Одборот на директори на Витаминка



3-то Ноемвриска награда за животно дело, која што традиционално секоја година ја доделува Советот на Општина Прилеп, оваа година ја понесе г-динот Симон Наумоски, Претседател на Одборот на директори на Витаминка. Наградата му е доделена на г-нот Наумоски, како општествено - одговорна личност и креатор на брендот Витаминка, познат како на домашниот, така и на странските пазари.
Заложбите на г-динот Наумоски како за подобрување на заедницата, или придонеси за животите на поединци, така и за општото растење и развивање на Витаминка, се протегаат години наназад. Симон Наумоски започнува да работи во Витаминка во 1974 година, кога компанијата се наоѓа во тешка економска и финансиска состојба. Со упорна работа и градење на добри меѓучовечки односи меѓу вработените во компанијата, од 1975 година тој започнува да воведува иновации и да го промовира брендот како на југословенскиот, така и на странските пазари. Благодарение на него, денес Витаминка е препознатлив бренд, застапен на сите континенти.
За неговите заложби за промоција и експанзија на Витаминка, добитник е на голем број признанија и награди, меѓутоа оваа награда има посебно значење за Наумоски, бидејќи ја добива од својот град и своите сограѓани.

# Витаминка се закити со признание од Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“

На јубилејното издание на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, нашата компанија доби признание за повеќегодишното покровителство и поддршка за оваа значајна манифестација што традиционално се одржува во Прилеп. Наградата врачена од уметничкиот директор Петар Темелкоски, ја прими комерцијалниот директор на нашата компанија, Владимир Трпаноски. Ваквото признание за нас претставува само уште една дополнителна причина и мотивација и во иднина да ги поддржуваме ваквите значајни културни настани.

# Нашата компанија со поддршка за AIESEC



Витаминка со своите производи го поддржа Семинарот за кариерно насочување (Career Days) на меѓународната студентска организација AIESEC. За време на едукативниот семинар, кој се одржа на Економскиот факултет во Прилеп, учесниците имаа можност да уживаат во широката палета на производи од Витаминка, кои им беа достапни за време на паузите.

Семинарот на AIESEC, кој се одржува традиционално секоја година, овој пат имаше за цел да го актуелизира проблемот со ниското ниво на знаење на средношколците за можностите за нивно професионално издигнување и надоградба.

# Дел од Саемот за вработување



На 4-ти декември во Битола се одржа Саем за вработување, како дел од низата саеми организирани од Агенцијата за вработување, кои се одржуваа низ целата Република. Во рамките на Саемот, се одржа и Форум на работодавачи, каде земаа учество и претставниците на Витаминка. Голем број на посетители на Саемот покажаа интерес за вработување во Витаминка. Повеќе од 200 апликации пристигнаа до нашата компанија. На посетителите на Саемот, покрај промотивните материјали на Витаминка, во секое време им беа достапни и различни производи од нашиот асортиман.

# Делегација од Косово ја посети Витаминка





Официјална делегација од Општина Грачаница, Косово, ја посети нашата фабрика. Целта на посетата беше проширување на потенцијалите за соработка меѓу Витаминка и Општина Грачаница.

Делегацијата имаше можност да ги посети производните погони на фабриката и да се запознае со целосната производна палета. Оваа средба е во насока на унапредување на соработката. Косовскиот пазар важи за еден од најголемите извозни пазари за Витаминка, каде брендот Стоби Флипс е еден од најбараните странски брендови.

Делегацијата од Косово беше предводена од заменик премиерот, Бранимир Стојановиќ, градоначалникот на Општина Грачаница, Владета Костиќ, како и неговиот заменик, Љубинко Караџиќ. Како дел од делегацијата беа и началникот на Косовскиот округ Срѓан Петковиќ, правниот застапник на Општина Грачаница Негован Шарановиќ, претставникот од приватниот сектор, Јовица Дешиќ и претставникот на нашата компанија во Косово - Витаминка Трејд, Расим Мрлаку.

# Поддршка за Витаминка од ЕБОР

Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) одобри заем од три милиони евра на Витаминка за набавка на нова, енергетско-ефикасна опрема за производство, како и за модернизација на два производствени капацитети. Финансирањето за овој проект е дел од Програмата за локални претпријатија која се спроведува во рамките на ЕБОР и има за цел подобрување на конкурентноста на приватниот сектор на Западниот Балкан преку поддршката на една од водечките македонски фирми во прехранбениот сектор.
Ова е трета трансакција меѓу ЕБОР и Витаминка - претходно Банката и обезбеди заем на Витаминка за купување на нова опрема за производство и пакување на своите производи, а причината за непрекинатата соработка и поддршката од оваа Европска институција е пред се фактот што Витаминка е еден од најсилните и најпрепознатливи брендови на регионалниот пазар, каде зазема една од водечките позиции поради својот висок квалитет, додека истовремено компанијата континуирано инвестира во модернизација на производствените капацитети и надградување на својата палета производи за да ги задоволи растечките барања на домашниот и странските пазари.

# Обука за раководниот тим во производство

Во рамките на планираните обуки за оваа година, шефовите и управниците во производство, како и дел од раководниот тим на Витаминка, учествуваа на еднодневната тренинг обука - Оперативно лидерство.
Обуката се одржа во салата за обуки во нашата фабрика. Предавач на обуката беше Часлав Манчиќ од ДООР Белград, познат интернационален предавач кој раководниот производствен тим на Витаминка го запозна со седумте модули важни за раководителите на тимови.
Предавачот, на мошне елоквентен начин им ги претстави на присутните внатрешните двигатели на вработените со кои го реализираат својот потенцијал и ги ставаат на располагање вештините, способностите и знаењата во организацијата, потоа, причините за демотивација, десетте аспекти на работата кои ефикасно ги мотивираат вработените и предностите од тимското работење. Присутните на обуката беа запознаени и со основните комуникациски аспекти, влијанието врз вработените, уметноста во раководењето и важноста од фидбекот.
Присутниот раководен тим во производството на нашата компанија на тренингот доби и сертификати за успешно завршената обука.
Витаминка уште еднаш покажа дека се грижи за своите вработени вложувајќи во нивната обука како општествено одговорна компанија.

# Стоби Флипс најсилен домашен бренд

Според анализата спроведена од Валикон, компанија специјализирана во спроведување на истражувања и мерења на пазарот за широка потрошувачка на пазарите од поранешна Југославија, Стоби Флипс е најсилен македонски бренд за 2014 година. Вредноста на Стоби Флипс беше оценувана во неколку категории: препознатливост на брендот, лојалност на купувачите, перцепиран квалитет, како и асоцијации врзани за брендот.
Во Валикон ранг-листата на топ 5 најјаки брендови во Македонија, покрај Стоби Флипс, се наоѓа само уште еден македонски бренд, што е само уште еден доказ дека македонските потрошувачи својата доверба ја даваат само на вистински докажаните брендови, кои низ годините го задржале и потврдиле својот квалитет.
Стоби флипс за првпат е произведен во 1978 година, како прва крцкава вкусна ужинка наменета за сите генерации. Речиси 40 години и неколку милијарди произведени кесички подоцна, Стоби Флипс останува лидер на пазарот и е постојано унапредуван во поглед на квалитетот, но никогаш на вкусот, кој претставува негов заштитен знак.
Препознатливоста на нашиот Стоби Флипс покрај од вкусот, доаѓа и од речиси непроменетиот дизајн на амбалажата, препознатлив за сите генерации и длабоко врежан во нивната потсвест.



# Витаминка со искрени честитки ги разубавува родендените на вработените



Нашите вработени, најважниот ресурс за успесите и растот на Витаминка, секогаш ги добиваат најискрените и најтоплите честитки од наша страна, по повод нивните родендени. Ваквиот скромен, но од срце приреден гест се покажа како одлична идеја за да успееме да им покажеме на нашите колку ни значат нивните заложби и нивната пожртвуваност за компанијата.



## Хумани и во соседството

# Нашата компанија го поддржа хуманитарниот настан во чест на Тоше Проески во Белград




Традиционалниот настан Хуманост без граници, што секоја година се одржува во чест на родენденот на нашата најголема ѕвезда Тоше Проески, Витаминка го поддржа, донирајќи пакети со производи за првите 30 крводарители кои се приклучија во хуманитарната цел на настанот и на тој начин оддадоа почит за Тоше Проевски.
Активностите што ги организираше Форумот на млади Македонци во Белград, наидоа на голем одѕив од сите почитувачи на ликот и делото на македонскиот амбасадор на хуманоста и културата.
На овогодишниот хуманитарен настан, сите собрани средства отидоа во фондот за помош на Националното здружение на родители со деца болни од рак - „НУРДОР".

## Витаминка омилена на Балканот

# Во вкусот на Фрути ужива и Хрватска




Според истражувањето спроведено од хрватскиот медиум „24 часа", хрватските консументи и потрошувачи ги оценија нашите меки кекси Фрути како едни од највкусните. Истражувањето беше спроведено врз група испитаници, составена од љубители на храна кои не знаеле чиј производ го дегустираат, а нивните ставови и оценки биле индивидуални, независни и нецензурирани. Од испитаниците било побарано да дадат оценка за вкусот, квалитетот и обликот кај меките кекси со желе од портокал прелиени со чоколадо, или кај потрошувачите ширум Европа, познати како меки кекси.
Во истражувањето биле тестирани сите кекси од оваа категорија присутни на хрватскиот пазар меѓу кои Jaffa на Crvenka, Katy од Kaufland, Tastino од LIDL, Фрути на Витаминка, како и меките бисквити со желе на Milka, Budget и Kraš.
Испитаниците на „слепиот тест" највисоки оценки дале за вкусот на Фрути кекситe, а исто така и за цената. Крајниот резултат покажа дека нашите меки кекси, го заседоа високото трето место, пред кекситe на Crvenka, Milka и Kraš.

Интервју со Љупчо Велески, директор на извоз во Витаминка

# Саемите за храна претставуваат катализатор за зголемување на уделот на Витаминка на глобалниот пазар



**Витаминка важи за компанија што често е присутна на саемите за храна. Колку саемските манифестации се корисни за една компанија?**

Во изминатава година бевме дел од повеќе саеми за храна. Некои од нив на европско а некои на светско ниво. Скоро на сите саеми на кои што сме учествувале покрај основното претставување на производите, организаторот креира и дополнителни содржини. Индустриски трговски настани, специјални конференции, високо рангирани министерски самити и B2B програми, се само некои од нив со кои се опфаќа целосниот производствено услужен сектор на храна.

За бенефитите и можностите што глобалните и масовни саемски манифестации ги имаат, најдобро зборуваат фактите, односно како пример би го зел саемот GULFOOD – најголемиот светски годишен саем за храна и угостителство, во Дубаи. Тимот на Витаминка на овој 5-дневен настан оствари повеќе од 150 контакти и состаноци со потенцијални купувачи, пред кои ги понудивме сопствените производи истакнувајќи ги конкурентските предности во поглед на квалитет, бројност, диверзифицираноста, ценовната конкурентност, амбалажата, можност за производство под приватна марка и слично. При овие активности, најголем интерес предизвикаа различните типови на чоколади, кекси, „Стоби флипс", „Чоко стоби флипс" и „Цевитана". За некои од овие производи веќе е започнат процесот на достава на понуди и добивање повратни одговори. За дел од производите, после нивната дегустација од страна на купувачите, Витаминка доби нарачки на самиот штанд. Несомнено, тоа укажува дека долгогодишните инвестиции во истражувања и развој, овозможуваат Витаминка секогаш да ги пронаоѓа вистинските светски трендови на пазарот на храна и да понуди производи кои точно одговараат на тековната побарувачка. Ова мислам дека доволно говори за потребата и користа од саемско претставување на секоја компанија.



Витаминка на саемот во Келн

**Што постигнувате со неколку дневна присутност и дали е тоа доволно да се пробие компанијата и нејзините производи на извесен пазар?**

Саемите се креирани како платформа од исклучително значење за компаниите кои се во потрага по трговски партнери од целиот свет. Производители на храна, малопродажни синџири, увозници, дистрибутери и даватели на услуги градат бизнис релации и разменуваат искуства во овие центри на индустрискиот и економскиот развој. На саемот во Келн, Витаминка се претстави со целиот асортиман на грицки и слатки производи. Оваа година на ISM беа преставени и најголемите технолошки иновации и сите трендови во оваа индустрија, фокусирајќи се главно на потребите на потрошувачите и стимулирање на компаниите за проширување на својот спектар на слатки и бисквити. Квалитетот и атрактивниот дизајн на широката палета производи го привлекоа вниманието на преку 250 посетители на штандот на Витаминка на Gulfood саемот, кои пројавија интерес за потенцијална соработка. Најголем интерес предизвика богатата програма на кексите, особено Карамел бисквит и интегралниот кекс Деспина, снек производите предводени од автентичниот Стоби Флипс и асортиманот на Бонитас, следени од оригиналниот Чоко Стоби Флипс и чоколадираните производи, чоколадните морски школки Атлантис и квалитетот на Цевитана. Иновативниот производ Чоко ориз, пак, особено ги воодушеви посетителите од Блискиот Исток, Африка и Европа.

Нашите производи веднаш станаа препознатливи и на саемот во Шангај и според реакциите и граѓаните на Шангај го препознаваат вистинскиот квалитет и единствен вкус. Посебно внимание кај нив предизвикаа интегралните кекси Деспина и познатите Стоби Флипс.

**Во каков состав одите и дали професионалното ниво е битно во претставување на една странска компанија?**

Секако дека е важно. Составот на делегацијата на некој начин сведочи за сериозноста на компанијата, за нејзините намери, перспективи и

капацитети. Од друга страна пак, на конференциите или тет-а-тет средбите, што некогаш инцидентно се случуваат или се создадени од самиот организатор на саемот, компанијата мора да даде издржан и стручен одговор на секое поставено прашање. Нашиот тим најчесто го сочинуваат: Генералниот Директор Сашо Наумоски, Директорот на извоз и некои од подрачните шефови во извоз.

**Кои се најрелевантните саемски манифестации и точки за започнување бизнис?**

Несомнено според пропорциите, обемот односно бројот на учесници и бројот на посетители најмногу се истакнуваат ISM саемот во Келн, GOLFOOD во Дубаи и SIAL CHINA во Шангај. Овие три се едни од најголемите саеми за прехрана во светот. На секој од нив сме настапиле со основна цел, да го презентираме своето портфолио и да стапиме во контакт со потенцијални купувачи. GULFOOD 2014 беше организиран на површина од 113.000 метри квадратни од страна на Светскиот




Посетители на саемот во Шангај



Витаминка на саемот во Дубаи

трговски центар во Дубаи, во којшто се вклучени 16.000 метри квадратни дополнително изградени времени структури за да се задоволи големата побарувачка за простор. 4500 компании беа изложувачи на овој саем, а имаше над 80.000 трговски учесници (посетители) од повеќе од 150 земји. Понатаму ISM во Келн, Германија важи за најголемиот саем за слатки и бисквити. Овој саем е дел од најголемата бизнис и комуникациска платформа во кондиторската индустрија каде учествуваа повеќе од 1500 производители од 65 земји од светот, а го посетија повеќе од 37 000 посетители од 140 земји од светот. Преку ISM Келн пристапуваме до европските компании, а преку останатите два Golfood Дубаи и SIAL во Шангај, правиме обид за отворање на нови пазари на другите континенти.

**За некои од овие саеми постои и процедура да се учествува, односно не секоја компанија може да биде дел. Што е пресудно или кои квалификации се потребни да се добие покана за присуство на извесен саем?**

Соодветно на нивната големина, како и значењето и бројноста на производителите поточно изложувачите, овие саеми можат да бидат и рестриктивни во тоа кој се може да изложува. Така, саемот во Дубаи има и листа на чекање која што секоја година станува се поголема, но исто така големи се и напорите да се обезбеди што поголем простор и да се даде можност на што поголем број компании за да се зголеми изборот на производи за посетителите. Оваа година, за жал, неверојатна бројка од 2714 компании беа на листа на чекање и немаа шанса да добијат простор и да се придружат на овој саем. Учествуваа 120 национални павилјони. Кои квалификации се потребни за учество на саем од вакви размери? Самиот оперативен модел и маркетинг пристап се подеднакво адаптирани кон тековните и новите купувачи во конкурентското окружување. Имено, една од најголемите конкурентски предности на Витаминка лежи во фактот што портфолиото на производи е мошне диверзифицирано, меѓутоа, категориите на производи се меѓусебно поврзани. Производите имаат значително ниво на потрошувачка и ова портфолио на комплементарност обезбедува оптимално ниво на обрт. Но, најважно од сè е целта, секогаш да се произведуваат најдобрите производи. Тоа ја зацврстува довербата во брендовите кои што ги исполнуваат највисоките интернационални безбедносни стандарди за храна. Токму, докажаната евиденција на етички перформанс и квалитетните производи го обезбедуваат комфорот на потрошувачите во повеќе од 30 земји во кои Витаминка извезува. Сите овие карактеристики ја чинат атрактивноста на производите на Витаминка на овие светски собири, што ќе послужи како катализатор за зголемување на нивниот удел на глобалниот пазар.

# Донираме пакетчиња по повод Новогодишните празници



Убавината на празниците е во моментите кога се споделува љубовта, среќата, вниманието и грижата. Токму поради тоа, одлучивме да ја поддржиме акцијата на Црвениот крст, што е од огромно значење и потреба за овие деца.
Со цел да ги развеселиме дечињата од Дневниот центар за лица со церебрална парализа во Скопје и да им ги разубавиме новогодишните празници, им дониравме пакетчиња со наши производи.
Познатата пејачка Елена Ристеска, при посетата во Дневниот центар која што традиционално ја организира Црвениот крст за Василица, во одлично расположение и по веселата дружба, им ги подели на дечињата нашите пакетчиња и ја продолжи забавата пеејќи познати хитови заедно со нив.

# Витаминка заедно со Стоби Флипс се најголеми поддржувачи на младите фудбалери






Како верни поддржувачи на многу спортски активности, а особено оние чија што цел е да ги инволвираат најмладите, нашата компанија го поддржа првиот Младински фудбалски Фестивал. Истиот се одржа на фудбалскиот терен во близина на спортскиот центар Јане Сандански во Скопје и на него учествуваа околу 300 деца, членови на регионалните школи на ФК Вардар. Играчите ги носеа дресовите на школата, а на нив се најде и логото на нивниот омилен производ Стоби Флипс. По завршувањето на пријателските турнири во фудбал, ние како главни поддржувачи, за сите деца обезбедивме пакетчиња од палетата на Витаминка.
Овој спортски и рекреативен настан, се организираше во соработка со Open Fun Football Schools и овозможи интересна дружба и забава меѓу децата учесници. Кон целта, преку ваквиот Младински фудбалски фестивал да се стекнат нови и значајни пријателства, се придружија и фудбалските ѕвезди Влатко Грозданоски, Горан Попов, Дарко Глишиќ и познатиот пејач Влатко Лозано, кои покрај тоа што ги бодреа децата, заедно со нив се фотографираа и им ги потпишуваа дресовите на кои се наоѓа логото на најсилниот македонски бренд Стоби Флипс.

# Ученици од Крушево во посета кај нас

Во рамките на годишната наставна програма, средношколци од трета година при СОУ „Наум Наумоски - Борче" од Крушево, ја посетија нашата фабрика.
Крушевските средношколци се запознаа со процесот на производство на вкусните чоколада од најголемата македонска компанија за производство на кондиторски и снекс производи. При посетата на работната единица „Чоколада" тие вкусија и дел од богатиот асортиман на чоколада, заклучувајќи дека нашите чоколада по вкусот и квалитетот стојат рамо до рамо со најголемите светски брендови на чоколада.
Посетата ја продолжија во Хемиската лабораторија на фабриката каде се запознаа со работата на лабораторијата, увидувајќи дека во „Витаминка" сите суровини, полупроизводи, производи и амбалажа за производите постојано се контролираат, за да може да се задржи високиот квалитет на производите. За нивната внимателност при излагањето на шефовите и директорот на лабораторијата, крушевските средношколци ги наградивме со дегустација на поголем асортиман производи.

# Придонесовме за неверојатен флеш моб на лицата со Даунов синдром



Во октомври, месецот посветен на лицата со Даунов синдром, Витаминка беше главен поддржувач на настанот на Центарот за младински активизам КРИК. Во Сити мол, беше организиран интересен флеш моб на кој главни учесници беа лица со Даунов синдром. За време на нивното шестмесечно вежбање различни танцови точки и кореографии, постојано им излегувавме во пресрет, безрезервно давајќи им ја својата поддршка и дел од нашите производи.

Повеќемесечниот труд на лицата со Даунов синдром и КРИК резултираше со своевиден спектакл. Посетителите во Сити мол беа воодушевени и изненадени од нивната одличната танцова изведба, а нашата компанија на овој начин повторно ја покажа својата општествено одговорна страна, ја продолжи низата на донации од таков тип и со придонесот ги мотивираше лицата со Даунов синдром да бидат одлични во својата изведба.

# Витаминка додели три нови стипендии на Технолошко металуршкиот факултет во Скопје

Улогата на образованието е многу значајна за развојот на општеството. Тоа е и еден од суштинските приоритети на нашата компанија, за што говори и фактот дека повторно студенти од Технолошко металуршкиот факултет, безрезервно ќе ја добиваат нашата поддршка во текот на нивните студии.

Витаминка додели три стипендии на студенти од Технолошко металуршкиот Факултет во Скопје. Месечната стипендија изнесува 6.150 денари и ќе се исплаќа на месечно ниво во текот на целата година, а стипендистите добија и еднократен надомест од 9.000 денари за учебни помагала и реквизити. Витаминка финансиски ќе ги поддржи студентите до крајот на нивното студирање, а договорот го потпишаа со Г-дин Симон Наумоски, Претседателот на Одбор на директори на Витаминка.

Соработката меѓу нашата компанија и Технолошко металуршкиот факултет во Скопје, започна пред три години, а со новите три стипендисти, стипендираме вкупно шест студенти. Практиката на стипендирање ќе продолжи и во следните години. На тој начин влегуваме во редот на компаниите што делуваат проактивно и инвестираат во иднината на младите генерации.

# Група ученици на практична настава во нашата компанија

На наше особено задоволство, група ученици од средното училиште Ѓорче Петров, отсек Фармацевтско лабораториски техничар од Прилеп, како составен дел од нивните образовни активности и програми, ја посетија Хемиската лабораторија на нашата компанија. Нашите гости имаа можност да видат повеќе испитувања за квалитетот на одредени суровини, кои секојдневно се испитуваат во лабораторијата, а директорката на контролно-развојната лабораторија подетално ги запозна учениците со работата, мерните инструменти, како и целокупниот процес на испитување на состојките од кои што се направени нашите производи.

По ваквата едукативна тура, учениците се уверија дека ваквиот начин на контрола на суровините, полупроизводите и амбалажата на производите е многу важен за добивање на стандарден и висок квалитет на производот.

# Студентите од Економскиот факултет во Прилеп се запознаа со својата идна професија



Група студенти од Економскиот Факултет во Прилеп, од модулот Бизнис логистика, ја посетија нашата компанија и имаа можност на практичен начин да ја доживеат својата животна професионална определба. Нашиот комерцијален директор им ги презентираше логистичките активности на Витаминка, ги запозна со начинот на транспорт, допрема, складирање и отпрема на производите. Студентите ги посетија магацините на нашата компанија за амбалажа, суровина и готов производ, каде имаа можност да ги забележат движењата на материјалите и производите во компанијата. Исто така, тие го посетија и погонот за чоколада и вкусија голем дел од нашите чоколадни производи. Преку оваа кратка посета нашата компанија им ја збогати со нови искуства, практичната настава на студентите.

# Идните нутриционисти учеа во погоните од нашата компанија



Неколку ученици од насоката Техничар нутриционист, од Средното основно училиште Орде Чопела од Прилеп ја посетија нашата компанија. Целта на нивната посета беше во рамките на практичните образовни програми, да се запознаат со постапките и технолошките процеси за добивање кондиторски производи, како и следењето и анализата во Хемиската лабораторија на Витаминка. Директорката на контролно - развојната лабораторија ги запозна нашите гости и нивните професори со работата и функционирањето на лабораторијата и управувањето со мерните инструменти. Одговорните во делот на чоколади и кремови ги запознаа учениците со технологијата на правење чоколада и составот на чоколадото, покажувајќи им ги какао ликерот и какао путерот во Лабораторијата како и нивната состојба на различни температури.
Учениците ја искористија можноста да се сретнат и со директорот на Сектор за правни и општи работи кој ги запозна со можностите за нивно стипендирање на Технолошко - металуршкиот факултет во Скопје, каде моментално нашата компанија стипендира 6 студенти.

# Ќесичките Стоби Флипс станаа чадор




Витаминка, како дел од компаниите - членки на системот на Пакомак, а истовремено и еден од неговите основачи, во август, 2014 година се вклучи во големата кампања за рециклирање, Сакам да бидам.
Помеѓу повеќето брендирани автобуси, со различни еколошки пораки, секој од нив поврзан со дејноста на компанијата, се најде и оној на Витаминка. Автобусот што беше избрендиран со нашето и логото на Стоби Флипс пренесуваше порака дека амбалажата од производите што ги користиме секој ден може да се рециклира во нов, корисен производ. На тој начин, ќесичките на Стоби Флипс станаа чадор.
Нашата компанија активно партиципира во овој систем кој има основна цел да ја подигне еколошката свест во средината во која делува и да се обезбеди кружно движење на амбалажниот отпад.

# Помагаме во секој момент и помагаме секаде каде е потребно

Витаминка им помогна на жителите од поплавените подрачја од Македонија. Нашата компанија, се вклучи во акцијата за помош на граѓаните кои беа погодени од поплавите и реагираше со финансиска донација, како и донација од прехранбени производи.
Како општествено одговорна компанија, сочувствувавме со нивната состојба и реагиравме со испраќање помош за граѓаните од поплавените региони. Целта на нашата донација, освен што беше да им помогнеме на нашите сограѓани, во исто време сакавме и да испратиме порака до јавноста, дека жителите на овие подрачја имаат потреба од помош од сите нас.

Преземено од "Убавина и здравје"

# Интерјву со Андреа Лекиќ и

Ѕвезди портрет





Тие се млади, динамични и успешни во она што го работат. Со Андреа Лекиќ и Тимур Дибиров, двајцата бекови во ракометниот клуб „Вардар", поразговаравме за животот во Македонија, спортот, посветеноста, страстите и желбите, навиките, храната и за потрагата по убавината и уживањето во животот.

Андреа Лекиќ и Тимур Дибиров

## Ракометот е исполнување на нашиот сон!



**Што претставува за вас Македонија? Кои се предностите што ви ги нуди и што ви недостасува во нашата земја?**

**Андреа Лекиќ:** за мене, Македонија претставува вистинска топлина и оаза на мирот и на спокојот што отсекогаш сум сакала да ги имам. Тука навистина се чувствувам одлично и секој ден ми е исполнет со нешто ново, секој момент ми е уникатно доживување. Постојано сум опкружена со позитивна енергија, уживам во сето тоа и имам чувство дека тука припаѓам. Единствено ми недостасуваат моите пријатели и моето семејство. Морам да признам дека ваквите носталгични моменти се доста чести, но искуството ме научи да ја наоѓам убавината и во најмалите нешта и на тој начин лесно ги пребродувам овие емотивни кризи.

**Тимур Дибиров:** Македонија е многу убава земја и лично мене ми се допаѓа сè што нуди, од тоа колку се пријатни, пријателски настроени и позитивни луѓето, па сè до превкусната храна и убавото време. Всушност, сè што има поврзаност и е блиско со ракометот, мене ме привлекува и ме исполнува, па така и вашата земја. Македонија има доста сличен менталитет со Русија и затоа добро се снаоѓам тука. Имам чувство дека припаѓам тука и за рекордно време се аклиматизирав. Она што ми недостасува се моите роднини и моите блиски пријатели, но функционирам во одличен тим, кој максимално ме исполнува и прави полесно да поминам преку моментите на носталгија, а тука со мене е и моето семејство, кое ми ги дава најголемата љубов и поддршка.

"Скопје е мојот омилен град со сè што нуди и го чувствувам како свој."

28 УБАВИНА&ЗДРАВЈЕ АПРИЛ 2015



"Вардар е едно големо семејст… во кое ги споделуваме сите моменти од приватниот и професионалниот живот. Ти… моменти нè прават посилни."

**Како промотори на здрав живот, што најчесто се наоѓа на вашето мени? Кое е вашето омилено јадење?**

**Андреа Лекиќ:** Со оглед на тоа што живееме во едно брзо и динамично време, кога професионалните обврски се сè поголеми, а времето посветено на нега на здравјето е сè помало, треба не само спортистите, туку сите подеднакво да внимаваме на исхраната. За мене, здравата исхрана е дел од личната култура. Мојата исхрана се темели на редовно внесување протеини и јаглехидрати. Од протеините, на моето мени најчесто се застапени, пилешко, мисиркино месо, како и рибата. За време на тренинзите, низ паузите, често пати ја враќам енергијата со интегралниот кекс „Деспина" од „Витаминка". Ги сакам сите вкусови, пред сè поради комбинацијата на здрави состојки, но и заради ефектот што го имаат врз враќањето на енергијата. Додека, пак, како омилена храна би ја издвоила пастата приготвена на каков било начин, навистина ја обожавам во секаква форма. Признавам, таа е можеби единствениот грев што го правам кога станува збор за исхраната.

**Тимур Дибиров:** Освен промотор, јас сум и голем поддржувач на здравиот начин на исхрана и го практикувам и од пред да почнам професионално да се занимавам со ракометот. Во моментов практикувам да го почитувам



# Витаминка застана зад три големи музички манифестации

Како една од најголемите обожаватели на добрите музички случувања, нашата компанија ги поддржа и трите големи музички настани, концертите на вечниот романтичар Владо Јаневски, босанскиот кантавтор Дино Мерлин и светски познатиот бенд One Republic. Мега музичките спектакли, што се одржаа во нашата држава беа посетени од голем број љубители на добрата музика и квалитетен звук и обожавателите на незаборавните помини. Витаминка со големо задоволство стои позади повеќе големи музички манифестации, затоа што сметаме дека секој што се труди да придонесе за збогатување и проширување на нашата музичка култура, заслужува максимална поддршка од наша страна.






# СтобиФлипс на Витаминка го поддржа Мултимедијалниот детски фестивал МегабитКидс во Битола




Стоби Флипс заедно со голем број деца учествуваше во Мултимедијалниот детски фестивал МегабитКидс каде ги разбуди детските насмевки и поттикна голем број аплаузи за младите таленти.

Иако фестивалот МегабитКидс правеше неколкугодишна пауза, со помош на нашето спонзорството тој повторно оживеа и на едно место ги собра сите млади таленти за пеење и танцување. На фестивалот свое учество добија и 19 дечиња со нови песни, 40 кои танцуваа, а 50 беа дел од големиот детски хор составен од ученици од 10 основни училишта од Битола. Специјален гостин беше познатиот пејач Александар Белов.

Како општествено одговорна компанија уште еднаш ја покажавме својата грижа и наклонетост кон младите, стимулирајќи ги во својот талент за пеење и танцување.

*рецепти од вработени*

# Торта со какао и ванила крем



## Потребни состојки

**Кора**

- 3 јајца
- 150 гр путер на собна температура
- 250 гр шеќер
- 200 мл млеко
- 250 гр брашно
- 30 гр какао на Витаминка
- 1 прашак за пециво на Витаминка
- 1/4 лажиче сода бикарбона на Витаминка
- 1 ванила на Витаминка

**Фил**

- 500 мл млеко
- 200 гр шеќер
- 2 пудинзи од ванила на Витаминка
- 150 гр путер на собна температура
- 250 гр слатка павлака
- 2 ванили на Витаминка или 1 лажица екстракт од ванила

**За прскање на корлата**

- 150 мл топло млеко

Ристеска Силвана -
Припремач во Р.Е. Цевитана

## Начин на подготовка

**Пригответе ја кората**

Изматете ги путерот, шеќерот и Витаминка ванилата. Додавајте ги јајцата едно по едно и постојано мешајте да се изедначи смесата. Додајте го млекото и со мала брзина измешајте да се изедначи. На крај додајте го брашното измешано со Витаминка какаото, Витаминка пецивото и Витаминка содата. Смесата измешајте ја со лажица или жица за матење. Ставете ја смесата во сад подмачкан со путер и набрашнет калап (26) и печете на 180 степени околу 30-35 минути или проверете со чепкалка.

**Пригответе го филот**

Витаминка пудингот растворете го со малку млеко, а останатото заедно со шеќерот ставете го да зоврие. Потоа додајте го растворениот Витаминка пудинг и на тивок оган мешајте да се згусти и покриен оставете го да олади. Изматете ја слатката павлака. Изматете го путерот со Витаминка пудингот и додајте ја слатката павлака и Витаминка ванилата. Кратко измешајте за да се изедначат. Кората исечете ја на половина. Едната половина попрскајте ја со половина од млекото и премачкајте ја со половина фил. Ставете ја другата кора попрскајте ја со млекото и премачкајте ја со филот. Тортата украсете ја со шлаг на Витаминка.
Уживајте во слаткото задоволство!

# BBQ Barbecue Sauce – Скара сос на Витаминка




Секое јадење направено на скара добива сосем нов, пикантен вкус кога ќе се послужи со соодветен прелив. Кој може да им одолее на јадењата подготвени на скара? Уште ако покрај тоа, месото го потопиме со BBQ Barbecue Sauce – Скара сосот на Витаминка, што ќе го збогати вкусот, на уживањето му нема крај.
BBQ Barbecue Sauce- Скара сос е идеален додаток за месо приготвено на скара или печено месо.

# Лесно прашање, а тешко и за најпаметните

Постои едно прашање кое половина од студентите на најпрестижните факултети, го одговориле погрешно.
- Ако бејзбол палка и топка чинат 1,10 долари, а палката е поскапа од топката за долар, колку чини топката?

Одговор: Точниот одговор е 5 центи.

# Кој прекинувач е вистинскиот?

Во една соба виси сијалица. Надвор од собата се наоѓаат три прекинувачи. Само еден од нив е поврзан со светлото, а сите тие се во позиција – исклучени. Сијалицата е изгасена.
Можете да влезете во собата само еднаш, за да дознаете кој прекинувач успеал да ја запали (од надвор не се гледа).
Во таква ситуација како можете да дознаете точно кој од трите прекинувачи е вистинскиот?

Одговор: За да го најдете точниот прекинувач (1, 2 или 3), треба да се обидете прво со 1 и да оставите неколку минути. Потоа го исклучувате и се обидувате со 2. Влегувате во собата. Ако сијалицата свети, значи знаете дека клучот е 2. Инаку може да е 1 или 3 . Допрете ја за кратко сијалицата и ќе го дознаете точниот одговор. Ако е топла, клучот е 1. Инаку – 3.



## Помогни му на мајмунчето Мени да ја пронајде бананата

Мајмунчето Мени, на забавата кај своите пријатели мечката Медо и лавот Лео ја изгуби својата омилена ужинка, бананата. Помогнете му да ја пронајде!



## Пронајди ги разликите

Колку разлики ќе успеете да пронајдете на оваа интересна фотографија направена во вселената?






| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | ЕНИГМАТИКА | ДРОБЕНО ЈАДЕЊЕ | ПРЕФИКС ЗА СОН | ПРОИЗВОД НА ФИРМАТА | ГЛАС, ЗВУК | ХОЛИВУДСКИ АКТЕР, БОЛДВИН | РУСКИ ГИМНАСТИЧАР, МИХАИЛ | АГИТАЦИЈА И ПРОПАГАНДА (СКР.) |
| | | | | | | | | АСТАР | | | | | | | |
| | | | | | | | | СТРУЧЊАК ПО ОНТОЛОГИЈА | | | | | | | |
| | | | | | | | | НАЈМЛАДИ ЧЛЕНОВИ НА ЕКИПА | | | | | | | |
| | | | | | | | | "АРТИЛЕРИСКА РАКЕТНА БАТЕРИЈА" | | | | ПОЛСКИ ПИСАТЕЛ ЈАН / ИЗОЛИРАНА ЖИЦА | | | |
| ЕНИГМАТИКА | КРЕДИТ, ЗАЕМ | ДРЖАВА ВО ЕВРОПА (ЧИЗМА) | ОСНОВА, БАЗА | РУСКИ ШАХИСТ, ЛАВ | ИТАЛИЈАНСКА АКТЕРКА | НАЗИВ | АМЕРИКАНСКИ ВСЕЛЕНСКИ ЦЕНТАР | ГРЧКИ ВАЈАР / КЕИРА НАЈТЛИ | | | | | НАТАЛИ ПОРТМАН / ВОЈНИК ВО КОЊИЦА | | |
| ПОЗНАТА НАША ФАБРИКА | | | | | | | | | | ТАЛКАЧКИ МОНАХ / АМЕРИКАНСКА ПЕЈАЧКА | | | | | |
| УЖИВАЧ НА ЕТЕР | | | | | | | | | ИТАЛИЈАНСКИ ПЕЈАЧ / ЖЕНСКО ИМЕ | | | | | | |
| АМЕРИКАНСКА ПАНК ГРУПА | | | | | | | | НАШ АКТЕР, ДИМЕ / СТАДО | | | | | | ПОРТУГАЛИЈА / МЛАДА СОПРУГА | |
| ПЛАШЛИВИ ШУМСКИ ЖИВОТНИ | | | | | | ВОДЕНА СКИЈА / МИРИСИ | | | | | | | | | СИРОМАВ ЧОВЕК (РАЗГ.) |
| ГОСТИВАРСКА ФАБРИКА | | | | | | | НБА КОШАРКАР ГЛЕН / МОДЕЛ НА ДАЕВУ | | | | | РЕКА ВО ПОЛСКА / ВИД БАРСКО РАСТЕНИЕ | | | |
| ИЛИЈА ЈОРГА | | | ИДНА / ГРАД ВО ВОЈВОДИНА | | | | | | | | СПРОТИВНО ОД ДЕСНО / ЛЕСНО | | | | |
| ХОЛАНД. ШАХИСТ, ТИМАН | | | | МАТЕРИЈАЛ ЗА СВЕКИ / РУСКА АТЛЕТИЧАРКА, ТАТЈАНА | | | | | | АМЕРИКАН. КОМИЧАР, СТЕН / АТМОСФЕРСКА ПОЈАВА | | | | | |
| ПРВАТА БУКВА | | МИТСКА ПЛАНИНА ВО ГРЦИЈА / КРАХ | | | | | | СКАПОЦЕН КАМЕН / ПРОИЗВОД НА ФИРМАТА | | | | | | | |
| НАШ АРТИСТ, ВЛАДИМИР / СТРУЧЊАК ЗА ГРАДБА НА ЧОВЕКОТ | | | | | | | | | ЕВРЕЈСКИ МИСЛИТЕЛ, УРИЕЛ / ПРИКАЗНА (ЛАТ.) | | | | | | |
| ДОКАЗ ЗА НЕПРИСУТНОСТ | | | | | | ЧЛЕН НА БИТЛСИ / ШУМ ОД ТЕШКИ ЧЕКОРИ | | | | | | | | | |
| ДЕЛ ОД ЛИЦЕТО (ДЕМ.) | | | | | ФИЛМСКА СЛИКА / ЗАРОБЕНИК (АРХ.) | | | | | | | | | | |
| ИТАЛИЈАНСКИ ХЕМИЧАР, АВОГАДРО | | | | | | | ВИД ПАПАГАЛ / РАЗДЕЛЕН СВРЗНИК | | | | | | | | |
| ТАЈЛАНД | | ПРОИЗВОД НА ФИРМАТА / ШАРЛ АЗНАВУР | | | | | | | | ЗНАК ЗА АМЕРИЦИУМ | | | | | |
| ОМАР ШАРИФ | | | НАША ПЕЈАЧКА, ТОМОВСКА / КАРАТ | | | | | | | | | | | | |
| АНТИКОМУНИСТИЧКА АНГАЖИРАНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |




vitaminka
www.vitaminka.com.mk
ЗА ОБИЧНИТЕ СУПЕРХЕРОИ!
vitaminka
FLAVOUR/ВКУС
LEMON
ЛИМОН
FLAVOUR/ВКУС
ORANGE
ПОРТОКАЛ
CEVITANA
2,5L
BEVERAGE
ПИЈАЛАК
9
200g/7oz
VITAMIN INSTANT BEVERAGE